**ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ - СКОПЈЕ**

# *ПРОГРАМА*
## *за работа на ЈУ Центар за образование на возрасните- Скопје 2022*

**Скопје, јануари 2022 година**

## ВОВЕД

Годишната програма за работа на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје за 2022 година се заснова на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за образование на возрасните и тоа:

- врши следење, анализа и развој на системот на образование на возрасните;
- работи на унапредување на образованието и обуката на возрасните во соработка со установите и институциите за образование на возрасните;
- подготвува наставни планови и програми за основно, гимназиско и стручно образование на возрасните, издава каталог на донесени програми за образование на возрасните, изготвува стандарди на занимања за програмите за образование на возрасните, врши верификација на програми за образование на возрасните, изготвува модел на јавноважечки програми за образование на возрасните;
- во соработка со министерството надлежно за труд иницира потреби од изготвување на нови стручни квалфикации по стандарди;
- врши стручно-административни работи за прашања за кои одлучува Советот за образование на возрасните;
- врши истражувања од областа на образование на возрасните;
- врши советодавно-менторска работа на кадарот кој ги реализира програмите за образование на возрасните;
- изготвува стандарди за опремата и просторните услови како и за компетентноста на кадарот на установите и институциите за образование на возрасните;
- дава мислење за исполнетоста на стандардите на установите и институциите кои бараат верификација за реализирање на јавно признатите програми за образование на возрасните;
- издава каталог на верифицирани и лиценцирани установи и институции за образование на возрасните;
- организира стручно усовршување и обука на наставниците и обучувачите;
- го поврзува образованието на возрасните во контекст на доживотното учење, а во согласност со стандардите и политиките на Европска Унија;
- предлага мерки за развој и воведување на нови наставни технологии и нивна примена;
- соработува со Министерството за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Државен завод за статистика, меѓународни институции и организации од областа на образование на возрасните, социјалните партнери и други;
- врши и други работи утврдени со закон.

Основната определба на оваа програма ќе биде поставување на приоритети и реализирање на задачи во насока на обезбедување на квалитет и развој на образованието на возрасните во Република Северна Македонија.

Главни приоритети на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (во понатамошниот текст: Центарот) за 2022 година се:

- активности поврзани со јакнење на институционалните капацитети на Центарот (кадровско доекипирање, техничко доопремување за оперативна функционалност на Центарот);
- континуирано организирање и спроведување на обуки со цел зајакнување на компетенциите на вработените во Центарот;
- промоција на образованието на возрасните во контекст на доживотното учење и на ЈУ Центарот за образование на возрасните – Скопје;
- одржување на информацискиот систем (TIS) за понудувачи на услуги и програми на возрасните во образованието на возрасни;
- изготвување на подзаконски акти за валидација на неформално и информално учење (ВНИУ);
- воспоставување на системот за ВНИУ;
- подготвување и развивање на наставни програми за образование на возрасни;
- продолжување со организација на консултативно – инструктивна настава за оформување на средно стручно образование во општините: Прилеп, Чаир, Куманово, Сарај и други општини каде ќе се појави потреба;
- верификување на програми за образование на возрасни, доставени од страна на понудувачите на услуги;
- стручен надзор над работата на понудувачите на услуги;
- остварување на соработка со социјалните партнери, со високообразовните установи и другите клучни чинители;
- остварување контакти и соработка со меѓународни институции, со цел развирање европска ориентација на образованието на возрасните;
- континуирано обезбедување на квалитет и развој на образованието на возрасните заради усогласување на потребите со современиот технолошки и општествен развој;

Наведените приоритети се неопходни за континуирано обезбедување на квалитет и развој на образованието на возрасните во контекст на успешно и навремено реализирање на мерката од седмиот приоритет од одредниците за пристапно партнерство дадени од страна на Европската Унија.
Оваа програма претставува отворен и флексибилен документ во насока на нејзино континуирано подобрување за овозможување на проток на поголем број на информации од и до воспитно-образовните институции и социјалните партнери за поддршка и развој на учењето на возрасните во Република Северна Македонија.

| Цели | Активности | Носителин | Рок | Финансиск и средства |
|---|---|---|---|---|
| ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЈУ ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ | Кадровско доекипирање, т.е. вработување Техничко доопремување со цел обезбедување на оперативна функционалност на Центарот<br><br>Обука на вработените | ЈУ Центар за образование на возрасните - Скопје | 2022 година | Буџет на ЦОВ<br><br>Буџет на ЦОВ, проекти |
| ПРОМОЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ И НА ЈУ ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ | Посети на општини, со цел запознавање со активностите на Центарот, посебно во општините каде што нема верификација на посебни програми | ЈУ Центар за возрасните - Скопје | 2022 година | Буџет на ЦОВ, проекти |
| НПАА (НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА ЛЕГИСЛАТИВА СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКА УНИЈА) | Планирање, изготвување и редовно ги ажурирање на податоците во НПАА што се однесуваат на образованието на возрасните | Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка | Тековно | Буџет на ЦОВ |
| ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА РАЗВОЈ НА КВАЛИТЕТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ | - Формирање на работна група со клучните чинители за дефинирање на систем и рамка за развој на квалитетото вообразованието на возрасните<br>- Развивање на методолошки документи за формирање на систем за обезбедување на квалитет<br>- Дефинирање на показатели и процедури за развој на квалитетот во образованието на возрасните | Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка | 2022 година | Буџет на ЦОВ,<br><br>Е4Е, ИПА |
| ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ | - Развивање на инструменнти и механизми за следење и контрола на реализација на образованието на возрасните<br>- Развој на механизми и | Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка | 2022 | Буџет на ЦОВ,<br><br>Е4Е и ИПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | инструменти за оценување на понудувачите на образование на возрасните | | | |
| ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНОТО И ИНФОРМАЛНОТО УЧЕЊЕ | Изготвување на подзаконски акти кои ќе произлезат од Закон за образование на возрасните | Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука<br>Сектор за логистика - Одделение за нормативно правни, административни работи и информатичка поддршка | 2022 година | Буџет на ЦОВ |
| ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ВНИУ | По донесување на измените во Законот за образование на возрасните и изготвување на подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот, ќе започне воспоставување на системот за ВНИУ | Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука | 2022 година | Буџет на ЦОВ, ИПА |
| | Подготовка на РЦСОО за спроведување на процесот на валидација на неформалното и информалното учење | Сектор за унапредување на образованието на возрасните – Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука | 2022 година | Буџет на ЦОВ, ИПА |
| ОФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ВО НЕКОЛКУ ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | Организирање и следење на процесот на оформување на средно стручно образование | ЈУ Центар за образование на возрасните- Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните Одделение за подготвување и усвојување на програмите | Тековно | Буџет на ЦОВ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| РАЗВИВАЊЕ, ВЕРИФИКУВАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ | Верификување на програми за образование на возрасни кои водат до квалификации | ЈУ Центар за образование на возрасните- Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните Одделение за подготвување и усвојување на програмите | Тековно | Буџет на ЦОВ |
| | Верификација на програми кои водат до знаења, вештини и компетенции | Центар за образование на возрасните - Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука | Тековно | Буџет на ЦОВ |
| АЖУРИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕБ СТРАНАТА И БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ | Ажурирање на веб страната на ЦОВ со огласи и други информации за тековната работа на ЦОВ<br>Чување, организирање (ажурирање), лоцирање како и споделување на документи.<br>ИТ Подршка за вработените,изготвување на технички спецификации и одржување на ИТ опремата. | ЈУ Центар за образование на возрасните - Одделение за финансиско и материјално работење, нормативно правни, административни работи и информатичка поддршка | Тековно | Буџет на ЦОВ |
| | - Ажурирање на информацискиот систем (tis) за понудувачи на услуги и програми за образование на возрасните | ЈУ Центар за образование на возрасните - Одделение за нормативно правни, административни работи и информатичка поддршка | Тековно | Буџет на ЦОВ |
| СТРУЧЕН НАДЗОР НА ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ | Стручен надзор на понудувачи на услуги кои вршат формално образование | Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација | 2022 година | Буџет на ЦОВ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Стручен надзор на понудувачи на услуги кои вршат неформално образование | Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација | 2022 година | Буџет на ЦОВ |
| | Соработка со понудувачи на услуги | Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација | 2022 година | Буџет на ЦОВ |
| | Воспоставување на систем за следење на учесници | Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација | 2022 година | Буџет на ЦОВ, E4E@mk |

## ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЈУ ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

### *Кадровско доекипирање, т.е. вработување на кадар во Центарот*

Поради недостигот на вработени лица во ЈУ Центарот за образование на возрасните, а со цел успешно и ефективно реализирање на активностите, во 2022 година ќе се обезбеди дополнителен кадар, согласно Правилникот за систематизација на работните места на Центарот за образование на возрасните, како и преку преземање на кадар од други јавни установи.

Рок: 2022 година
Носител: ЈУ Центар за образование на возрасните
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

### *Техничко доопремување со цел обезбедување на оперативна функционалност на Центарот*

За нововработените лица во Центарот, ќе се набави додатна соодветна опрема и компјутерска техника, за обезбедување на нивна функционалност и обезбедување на услови за извршување на секојдневните работни задачи.

Рок: 2022 година
Носител: ЈУ Центар за образование на возрасните
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

## ПРОМОЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ И НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Центарот за образование на возрасните ќе организира посети во општините со цел промоција на образованието на возрасните и доживотното учење, како и запознавање на сите релевантни фактори во образованието на возрасните со активностите на Центарот за образование на возрасните.

Рок: декември 2022година
Носители: ЈУ Центар за образование на возрасните
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ, проекти

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА РАЗВОЈ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ

Како дел од активостите кои што произлегуваат од Стратегијата за образование на возрасните е и воспоставувањето на Систем за обезбедување на квалитет на образованието на возрасните. Во 2022 година Центарот за образование на возрасните ќе се насочи кон отпочување на активности поврзани со креирањето на системот за обезбедување на квалитет и тоа со формирање на работна група каде што ќе бидат вклучени сите чинители, ќе се развие методолошки документ за развој на системот, како и дефинирање на показатели и процедури за развој на квалитетото во образованието на возрасните.

Исто така ќе се работи кон развивање на инструменти и механизми за следење на реализација на образованието на возрасните како и за оценување на понудувачите на услуги.

Рок: 2022 година
Носител: Сектор за унапредување на образованието на возрасните,
Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка
Финансиски средства:Буџет на ЦОВ, Е4Е, ИПА

## ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА СИСТЕМОТ ЗА ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНОТО И ИНФОРМАЛНОТО УЧЕЊЕ

Во новиот Закон за образование на возрасните предвидено е додавање на ново поглавје: Валидација на неформалното и информалното учење. Од ова ќе произлезе потреба за донесување на низа подзаконски акти кои ќе бидат неопходни за спроведување на системот за ВНИУ.

Рок: 2022 година
Носител: Сектор за унапредување на образованието на возрасните,
Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука; Сектор за логистика, Одделение за нормативно правни, административни работи и информатичка поддршка
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНОТО И ИНФОРМАЛНОТО УЧЕЊЕ

По донесување на измените во Законот за образование на возрасните и изготвување на подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот, ќе започне воспоставување на системот за ВНИУ

Рок: 2022 година
Буџет на ЦОВ, ИПА
Носител: Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука

***Подготовка на Регионалните центри за стручно образование и обука (РЦСОО) за спроведување на процесот на ВНИУ***

Со цел успешна имплеманетација на системот за ВНИУ во РЦСОО, кадарот на РЦСОО ќе биде подготвен за спроведување на системот за ВНИУ.

Рок: 2022 година
Буџет на ЦОВ, ИПА
Носител: Сектор за унапредување на образованието на возрасните - Одделение за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука

## ОФОРМУВАЊЕ НА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ ВО НЕКОЛКУ ОПШТИНИ

Организирање и следење на консултативно – инструктивна настава за оформување на средно стручно образование за лица со завршено само основно образование. Наставата ќе се реализира согласно настаните планови и програми за средно стручно образование во општините Прилеп, Чаир и Куманово во кои веќе е започната наставата како и во нови општини во Република Македонија во кои ќе се јави потреба.

Рок: тековно
Носител: Одделение за подготвување и усвојување на програмите
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

## РАЗВИВАЊЕ, ВЕРИФИКУВАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА

***Верификување на програми за образование на возрасни кои водат до квалификации***

Верификацискиот процес на посебни програми, кој води кон стекнување на квалификација, дел од квалификација има цел за јакнење на клучни компетенции за доживотно учење. Процесот за верификација на посебни програми поднесени од страна на понудувачите на услуги продолжува и во 2022 година.

.

Рок: тековно
Носители: Одделение за подготвување и усвојување на програмите
Финансиски средства: Провајдери за образование на возрасни

***Верификување на програми кои водат до знаења, вештини и компетенции***

Во 2022 година Центарот за образование на возрасните продолжува со верификација на програми кои водат до знаења, вештини и компетенции. Ваквите програми им овозможуваат на кандидатите да се стекнат со конкретни знаења, вештини и компетенции кои би им користеле во рамки на нивната работа. Преку јакнење на нивните професионални компетенции, целта е обучените возрасни да станат поефикасни и компетитивни на пазарот на труд.

Рок: 2022 година
Носител:Сектор за унапредување на образованието на возрасните, Одделение за признавање на претходно стенкато учење, професионален развој и обука
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

## АЖУРИРАЊЕ НА КАТОЛОГОТ НА ВЕРИФИКУВАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ, ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ, ОГЛАСИ И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ТЕКОВНАТА РАБОТА НА ЦОВ

Центарот за образование на возрасните ќе продолжи со ажурирање на каталогот за верификувани посебни програми за образование на возрасните кој е изготвен од 2012 година. Изготвениот каталог овозможува пристап до податоците за образование на возрасните на сите заинтересирани страни: понудувачи, учесници и други клучни чинители. Во рамките на каталогот сега се вклучени 516???? посебни програми за образование на возрасните, верификувани од страна на ЈУ Центар за образование на возрасните- Скопје

Ажурирање на веб страната, организација на документите и предмети, обработка и дистрибуција, чување, организирање (ажурирање), лоцирање како и споделување на истите. Исто така обезбедување на конзистентност на документи,управување со метаподатоци и заштита на информации и документи од неовластен пристап

Рок: 2022 година

Носител: Одделение за финансиско и материјално работење, нормативно, правни, административни работи и информатичка поддршка

Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

## СТРУЧЕН НАДЗОР НА ПОНУДУВАЧИ НА УСЛУГИ

### Стручен надзор на понудувачи на услуги

Центарот за образование на возрасните врши на стручен надзор на работата на установите односно институциите за образование на возрасните и набљудување на процесот на обуките на образованието на возрасните. Исто така ЦОВ се грижи за исполнување на процедурите за осигурување квалитет и одржливост на критериумите на понудувачите на услуги и навремено реагира за утврдени недоследности од аспект на спроведување на обуката, наставниот кадар, квалитетот на работата на понудувачите на услугите. Непосредно при вршење на стручниот надзор ЦОВ дава насоки за правилно водење на документација и евиденција.

Носител: Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација на програми за образование на возрасни
Рок: 2022 година
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

### Соработка со понудувачи на услуги

ЦОВ континуирано соработува со понудувачите на услуги за образование на возрасните кои имаат верифицирано посебни програми за образование на возрасните и ги насочува понудувачите на услуги што треба да исполнат, во смисла на стандардите за просторот, опремата и кадарот за да добијат верификација. Исто така, ЦОВ дава насоки и препораки како да се води документацијата и евидецијата која ја водат понудувачите на услуги.

Рок: 2022 година
Носител: Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација на програми за образование на возрасни
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

### Пилотирање на Индикатори за мерење на квалитет на неформалното образование

ЦОВ во соработка со ДПИ, а со поддршка на проектот Образование за вработување E4E@mk,изготви Предлог Индикатори за мерење на квалитет во неформалното образование. Предлог документот се изготви со цел

подигнување на квалитетот во неформалното образование. Целта на пилотирањето е да се проверат индикаторите кои се предвидени во самиот документ. Во реализација на пилотирањето предвидено е да бидат вклучени ЦОВ и ДПИ.

Рок: 2022 година
Носител: Одделение за стручен надзор и евалуација на програми за образование на возрасни и Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ, Е4Е@mk

***Воспоставување на систем за следење на учесници***

Центарот за образование на возрасни заради подобрување на следењето на учесниците кои поминуваат низ процесот на обука, ќе изработи систем за следење на учесниците. Ќе се изработи Методотологија за статистичко следење на учесниците, дизајнирање на инструменти за следење на учесниците и воспоставување на база на податоци.

Рок:2022 година
Носител: Сектор за подготвување, усвојување и стручен надзор на образовни програми за возрасните - Одделение за стручен надзор и евалуација на програми за образование на возрасни
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ и проектна канцеларија на Е4Е@мк

## СОРАБОТКА

Центарот ќе продолжи со континуирано воспоставување и јакнење на соработка со локалната самоуправа, социјалните партнери и другите клучни заинтересирани страни, на национално и меѓународно ниво.

***Идентификување и развој на мрежа на економски и институционални партнери***

Со цел успешно реализирање на активностите во својата надлежност, Центарот за образование на возрасните ќе продолжи со континуирано воспоставување и јакнење на соработка со локалната самоуправа, социјалните партнери и другите клучни заинтересирани страни, на национално и меѓународно ниво.

Рок: 2022 година
Носители: ЈУ Центар за образование на возрасните

***НПАА (Национална програма за усогласување на домашната легислатива со правото на Европска Унија)***

НПАА претставува клучен стратешки документ, кој ги вклучува приоритетите, динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

Центарот за образование на возрасните ги планира, изготвува и редовно ги ажурира податоците во НПАА што се однесуваат на образованието на возрасните.

Рок: тековно
Носител:Сектор за унапредување на образованието на возрасните, Одделение за обезбедување на квалитет, развој и соработка
Финансиски средства: Буџет на ЦОВ

Годишната програма на Центарот
за образование на возрасни
се усвои на .2022 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР,**
**Назухтере Сулемани**